УНИБанка АД Скопје
Бр. 0202/2-92/2024
17.09.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 17.09.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се менува тарифен број 9.5.2 - Надоместок заради оштетен/изгубен ПОС терминал со воведување на минимум вредност. Тарифниот број се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 9.5.2. | Надоместок заради оштетен/изгубен ПОС терминал | книговодствена вредност, **минимум 100 еур[1]** |

Образложение за промената: Надоместок за оштетен/изгубен ПОС терминал произлегува од тоа дека како резултат на целосна амортизација на поголем дел од мрежата на ПОС терминали или пониска книговодствена вредност, надоместокот кој треба да се наплати не е доволен за замена на ПОС терминалот. Предложениот минимален надоместок е просечна цена која банката би ја платила за половен терминал.

2. Се менува тарифен број 15.4.1 - Промена на дневни лимити на картичка според терминскi план (48 раб. часа од приемот на барањето за промена преку експозитура/во моментот за барања преку интернет банкарство ) ** и тарифен број 23.1.1 истиот во делот на платежната сметка со основни функции, со воведување на услугата преку интернет банкарство. Тарифните броеви се менуваат и гласат:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 15.4.1. | Промена на дневни лимити на картичка според терминскi план (48 раб. часа од приемот на барањето за промена преку експозитура/во моментот за барања преку интернет банкарство) ** | **МЕЃУНАРОДНИ ДЕБИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 200 мкд<br>Без надоместок преку Интернет банкарство |
| | | **МЕЃУНАРОДНИ КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 10 еур[1]/<br>Без надоместок преку Интернет банкарство |

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 23.1. | Промена на дневни лимити на картичка според термински план (48 раб. часа од приемот на барањето за промена преку експозитура/во моментот за барања преку интернет банкарство) ** | **МЕЃУНАРОДНИ ДЕБИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 200 мкд<br>Без надоместок преку Интернет банкарство |
| | | **МЕЃУНАРОДНИ КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 10 еур[1]/<br>Без надоместок преку Интернет банкарство |

Образложение за промената: Предлогот за дополнување на надоместокот произлегува од потребата за регулирање на надоместокот за услугата која ќе овозможи промена на лимити преку интернет банкарство.

3. Се менува тарифен број 15.4.4 - Деблокирање на картичка и тарифен број 23.4- Деблокирање на картичка за платежна сметка со основни функции, со воведување на услугата преку интернет банкарство. Тарифните броеви се менуваат и гласат:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 15.4.4. | Деблокирање на картичка ** | **МЕЃУНАРОДНИ ДЕБИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 200 мкд<br>Без надоместок преку Интернет банкарство |
| | | **МЕЃУНАРОДНИ КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 10 еур[1]/<br>Без надоместок преку Интернет банкарство само за блокирани картички по барање на клиент |

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 23.4. | Деблокирање на картичка ** | **МЕЃУНАРОДНИ ДЕБИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 200 мкд<br>Без надоместок преку Интернет банкарство |
| | | **МЕЃУНАРОДНИ КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 10 еур[1]/<br>Без надоместок преку Интернет банкарство само за блокирани картички по барање на клиент |

Образложение за промената: Предлогот за дополнување на надоместокот. произлегува од потребата за регулирање на надоместокот за услугата која ќе овозможи деблокада на картичка преку интернет банкарство. Деблокадата преку интернет банкарство може да се реализира само на блокирани картички по барање на клиент.

4. Се менува тарифен број 15.3.4 - Електронски пренос / прием на средства со картичка, во делот на надоместокот. Тарифниот број се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 15.3.4. | Електронски пренос / прием на средства со картичка | **МЕЃУНАРОДНИ ДЕБИТНИ И КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ (Visa/Mastercard)** |
| | | 60 мкд домашен<br>5 еур[1] странски |

Образложение за промената: Предлогот е со цел усогласување со пазарните услови.

5. Се менува описот на тарифен број 9.5.9 - Промена на параметари на ПОС терминал и вПОС (адреса, сметка, линк, назив и функционалности), висината на надоместокот останува иста. Тарифниот број се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 9.5.9 | Промена на параметари на ПОС терминал и вПОС (адреса, сметка, линк, **IP адреса, хостинг,** назив и функционалности) по барање на клиент/ **Параметризирање на физички ПОС терминал при сервис или при замена по барање на клиент** | 400 мкд еднократен надоместок по испратено барање за промена |

Образложение за промената: Предлогот за дополнување на називот на надоместокот е со цел попрецизно и јасно да се дефинираат активностите кои подлежат на тарифирање.

6. Се воведува тарифен број број 6.6.10 со опис: Надоместок за предвреме вратена банкарска гаранција со непарично покритие издадена на правно лице и истиот гласи:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 6.6.10 | Надоместок за предвреме вратена банкарска гаранција издадена со непарично покритие | 1.500 мкд |

7. Се врши промена на надоместокот во тарифен број 18.1.1- Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката * (налог и налог доставен на медиум/ПП53) за физички лица преку шалтер. Тарифниот број се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок на шалтер |
|---|---|---|
| 18.1.1. | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката* и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53) | 120 мкд |

Напомена - Ставките обележани со * влегуваат во калкулација на 5 бесплатни кредитни трансфери на месечно ниво

Образложение за промената: Усогласување на надоместокот за платежната сметка со основни функции со истиот надоместок за редовна платежна сметка наведен во тарифен број 14.1.1..

8. Се врши промена на надоместокот во тарифен број 18.1.3-Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги-Преку платен систем за малите плаќања-КИБС (кредитен трансфер и кредитен трансфер доставен на медиум/ПП53), за физички лица резиденти преку шалтер. Тарифниот број се менува и гласи:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок на шалтер |
|---|---|---|
| 18.1.3. | Кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за малите плаќања-КИБС (налог и налог доставен на медиум/ПП53) | 120 мкд |

Образложение за промената: Усогласување на надоместокот за платежната сметка со основни функции со истиот надоместок за редовна платежна сметка наведен во тарифен број 14.1.3..

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат од 01.12.2024 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО.бр: 0202/2-92/2024
17.09.2024 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА СКОПЈЕ 8